03 - 1313/2
08. 11. 24

# ЗАПИСНИК

## ОД БУЏЕТСКИ ФОРУМ 2025

## ЗА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

**Датум:** 08.11.2024 година **Место:** Ресторан Тропик **Час:** 10:00

**Присутни граѓани:** Вкупно - 51

Жени: 39 Мажи: 12

**Модератор** – Борис Шарковски **Ко-модератор** – Невенка Лангурова Гирова

**Првата форумска сесија ја имаше следнава агенда**

**10:00 – 10:15** Добредојде на присутните и вовед во програмата

**10:15 – 10:30** Воведно обраќање на Градоначалникот

**10:30 – 11:00** Презентација на буџетскиот форумски процес

Утврдување структура на форумот/распоредување по работни маси

Утврдување на начела за работа

**11:00 – 12:00** Процес на буџетирање – претставник на Општина Пехчево

Структура на буџетот на општина Пехчево – претставник на општина Пехчево

Преглед на реализацијата на буџетот за 2024 (заклучно со трет квартал)

Приоритетите за развој на општината за 2025 година

**12:00- 12:30** Пауза

**12:30 – 13:30** Дискусија по работни маси за приоритетни проекти за 2025 година

Презентација

**13:30 – 14:00** Следни чекори

Оценка на форумската сесија

Коктел

Воведен збор на првата форумска сесија даде модераторот Борис Шарковски – консултант од Фондацијата за развој на локалната заедница од Штип, тој најправин се претстави, а потоа ги запозна граѓаните која е целта на форумската сесија. Тој истакна дека преку буџетскиот форум ќе добијат целосен увид во приходите и расходите на општината, дека со свои предлози ќе може да учествуваат во креирањето на општинскиот буџет за 2025 година и додаде дека во текот на форумската сесија ќе добијат презентација за реализираните проекти, проекти кои се во тек и проекти за кои е аплицирано. Модераторот Борис Шарковски пред да му даде збор на Градоначалникот на општина Пехчево г-дин Александар Китански ја претстави својата колешка ко – модераторката Невенка Лангурова Гирова.

Градоначалникот ги поздрави присутните, им се заблагодари за присуството и ги поттикна да дадат повеќе идеи за нови проекти кои ќе бидат од големо значење за граѓаните на општината. Тој истакна дека поголем процент од передложените проекти од ланската форумска сесија се реализирани, а некои од проектите се во тек на реализација.

Потоа на присутните им се обрати Анетка Цветковска од Одделението за финансиски прашања која најправин ги поздрави присутните, а потоа даде преглед на реализацијата на буџетот за 2024 (заклучно со трет квартал) до 30.09.2024 година. Таа ги запозна присутните за тоа што претставува буџететот и од каде се собраат средствата во буџетот, како и за тоа каде се трошат средтвата од буџетот. Изворите на приходи во буџетот се од: даночни приходи, неданочни приходи, капитални приходи, трансвери и дотации, додека пак буџетските расходи се за: плати и надоместоци, стоки и услуги, резерви, камати, субвенсции и трансвери, социјални бенифиции, отплата на главнина итн. Анетка истакна дека ние како граѓани треба да бидеме и самите свесни дека со плаќањето на данокот на имот ќе допринесеме за реализација на многу проекти, бидејќи преку плаќањето на данокот на имот се зголемуваат приходите во буџетот од сопствени извори. Наплатата на данокот на имот до сега изнесува 88 %.

По прегледот на реализацијата на буџетот за 2024 година на присутните им се обрати Елица Јовевска – советник за планирање на ЛЕР. Таа најправин им се заблагодари на присутните и потоа даде презентација за реализираните проекти за 2024 година како и за проектите кои се во тек на реализација и за аплицираните проекти. Реализираните проекти во 2024 година се поделени во неколку области и тоа:

**Култура, спорт и образование**

- Реконструкција на детските лулашки на плоштадот св. Петар и Павле

- Фестивал на дувачки оркестри и етно саемот Пехчевски Павловден
- Реконструкција и изградба на рекреативен центар од отворен тип на туристичкиот локалитет Равна Река во Пехчево
- Доградба на тоалети во подрачното училиште во село Црник
- Уредување на детското игралиште во село Чифлик
- Уредување на барски еко-систем Езерце како и изградба на амфитеатар каде може да се одржуваат предавања на отворено
- Донирани се две пинг – понг маси од Фондацијата за развој на локалната заедница на општина Пехчево
- Поставена е мека подлога кај детските лилашки на градскиот плоштад
- Еднодневен тренинг “Основи на велосипедизмот”
- Потпишан меморандум за соработка со Фондацијата за развој на заедницата – Штип и учество во проектот “Направи разлика” – финансиски подржан од страна на USAID
- Одбележување на полуматураската прослава
- Одбележуавање на матураската прослава,
- Предавање за врсничко насилство,
- Одбележување на светскиот ден без автомобили
- Организирање на настанот “Пехчево на точак”
- Подршка на турнири

**Животна средина**

- Набавка на машина за одржување на јавниот простор
- Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор
- Есенско кроење на дрвјата на булеварот “Равен”
- Реализирање на проект за почисто и поубаво Пехчево и др.

**Економија**

- Општина Пехчево е дел од проектот на УСАИД – Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите на општините

**Социјална заштита, социјалната превенција и здравството**

- Реконструкција на детската градинка во село Црник и изведување на дренажа околу истата
- Одбележување на 3 Декември- “Меѓународен ден на лицата со посебни потреби”

**Урбанизам и инфраструктура**

- Асфалтирање на на патот на влезот во селото Панчарево
- Асфалтирање на локален пат помеѓу селата Умлена и селото Чифлик
- Реконструкција на регионалниот пат Берово – Пехчево
- Изградба на локална улица број 1 во село Чифлик
- Изградба на улица во село Чифлик, во село Умлена и улица во село Робово

**Односи со јавноста**

- Формиран е локален младински совет
- Организирано советување на тема “Дрога, алкохол и нивното влијание врз адолесценцијата”
- Еднократна парична помош за секое новородено дете во општината
- Еднократна парична помош за секое запишано прваче
- Општина Пехчево и ООУ “Ванчо Китанов” домаќини на 60-ти Државен натпревар на млади истражувачи од Република С Македонија и 61-ви Државен натпревар на млади техничари и природници од Република С Македонија

Потоа градоначалникот се заблагодари на општинската администрација за својата неуморна работа и целиот свој ангажман кој го даваат за развој на Општината и најави дека освен овие проекти ќе следи реализација и на идни проекти за кои веќе е аплицирано и тоа:

- Реконструкција на пожарниот дом во центарот на Пехчево
- Хортикултурно и партнерно уредување на источниот влез на градот Пехчево од страна на Делчево
- Реконструкција на домот во село Црник
- Осветлување на влезовите од двете страни на градот Пехчево,
- Паркинг места кај градските гробишта итн.

Потоа ко-модераторката Невенка Лангурова Гирова – консултант од Фондацијата за развој на локалната заедница од Штип ги замоли присутните да дадат нови идеи и предлози за реализација во 2025 година.

На присутните им беше дадено време од околу 30 минути да размислат и на лист хартија да ги напишаат сите приоритети кои сметаат дека треба да се реализираат од страна на општината и да издвојат 5 (пет) од нив за кои сметаат дека се најзначајни.

Потоа секоја работна маса ги презентираше своите предложени проекти и следеше дискусија за некои од предложените проекти.

## ПРЕДЛОЖЕНИ ПРОЕКТИ

### КУЛТУРА И БИЗНИС СЕКТОР

1. Реконструкција на патот кон туристичката населба Равна Река – Пехчево
2. Изградба на капела
3. Решавање на атмосверска канализација (Дом на културата)
4. Изградба на тротоари по булевар "Равен"
5. Уредување на еко парк "Шуманова чешма"
6. Поставување на лежечки полицајци
7. Отстранување на цевки за паровод
8. Промена на урбанистички план на одредени парцели

### ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

1. Реконструкција на кров на детска градинка ОЈУДГ "7 Септември" – Пехчево
2. Уредување – изградба на паркинг за потребите на Здравен дом "Др Иван Ѓорѓиев" и ограда на истиот и нов пристапен влез
3. Старата зграда на Здравен дом да се уреди за старечки дом
4. Лежечки полицајци на сите улици во Пехчево
5. Уредување на детски игралишта на повеќе локации (маалски игралишта, паркови со лилашки)
6. Реконструкција на ул. "Јулија Веселинска"

### ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ

1. Изградба на старечки дом
2. Изградба на капела
3. Уредување на речното корито
4. Од двете страни на булеваро да бидат направени пешачки патеки
5. Набавка на механизација за собирање на смет
6. Градски пазар (уредување)

## ЖИВОТНА СРЕДИНА И УРБАНИЗАМ

1. Набавка на возило за смет
2. Набавка на повеќенаменско возило (зимско одржување, паркови и зеленило, кастрење)
3. Уредување и покривање на градски пазар
4. Нов канализационен краг помеѓу ул. Буковик и ул. Илинденска
5. Набавка на пумпа за отпишување на канализација

## ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА

1. Изградба на ново кошаркарско игралиште
2. Енергетски ефикасна спортска сала
3. Административни простории за дисперзираните министерства
4. Уредување на речното корито низ целото градско подрачје
5. Реконструкција на патот до туристичката населба Равна Река и осветлување на истата
6. Формирање на фудбалски клуб во општина Пехчево
7. Поставување на нови детски играчки на барски систем Езерце и поставување на видео надзор

## ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПК ПЕХЧЕВО

1. Набавка на возило за собирање на отпад
2. Реконструкција на Спиковски водопад
3. Реконструкција на речно корито од мостот на градски пазар до ДИК Фагус
4. Реконструкција на Бравнара (активност префарбување)
5. Изградба на градска капела
6. Изградба на трооар од ОЈУДГ "7 Септември" до ООУ "Ванчо Китанов"
7. Поставување на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација
8. Реконструкција на детско игралиште под ОЈУДГ "7 Септември" и уредување на детско игралиште на крајот од плоштадот
9. Реконструкција на локален пат кон туристичката населба Равна Река
10. Изградба на водоводна мрежа во туристичка населба Равна Река

## МЛАДИ

1. Обновување и активирање на адреналинска патека
2. Реновирање на градскиот базен (или нов)
3. Јавен превоз
4. Реновирање на патот кон Равна Река
5. Реконструкција на детската градинка во село Умлена за одржување на младинска канцеларија
6. Реконструкција на домот во село Умлена за одржување на настани после турнирот за време на празникот Велигден
7. Да се направат уличните во село Умлена во школскиот двор и да се направат справи за вежбање
8. Организирање на дневни и вечерни забави на локацијата парк Езерце
9. Реконструкција на Здравствен дом во Пехчево
10. Да се обојат одреден број плочки на плоштадот св. Петар и Павле на кои може да се игра шах на отворено

По презентирањето на предложените проекти, модераторот им се заблагодари на присутните за присуството и за активноста и ги повика на втората форумска сесија на 19.11.2024 година, на која ќе се изберат најбитните и најприоритетните проекти од предложените.

На крајот следуваше коктел.

Општина Пехчево

Записничар

Наташа Костовска

Н. Костовска